Врз основа на член 7 став 6 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08 и 33/10), министерот за образование и наука донесе

П Р А В И Л Н И К
за начинот и постапката за избор на наставници кои изведуваат настава за основно образование на мајчин јазик за децата на граѓаните на Република Македонија кои престојуваат во странство

Член 1

Со овој правилник се определува начинот и постапката за избор на наставници кои изведуваат настава за основно образование на мајчин јазик за децата на граѓаните на Република Македонија кои престојуваат во странство (во натамошниот текст: наставници), согласно наставен план и програма утврдени од министерот за образование и наука.

Член 2

Наставниците се ангажираат на определено време за период од четири години, за изведување на наставата за основно образование на мајчин јазик, за децата на граѓаните на Република Македонија кои престојуваат во странство.

Член 3

(1) Изборот на наставници се врши по пат на конкурс.

(2) Конкурс за избор на наставници се објавува по правило шест месеци пред денот на нивното упатување во странство.

(3) Конкурсот трае 15 дена сметано од денот на неговото објавување во дневниот печат.

Член 4

Конкурс за избор на наставници Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството) се објавува во следниве случаи:

- заради истек на времето за кое е склучен договорот за работа на наставникот кој е веќе ангажиран за изведување на наставата;
- по барање на здруженија на граѓани на Република Македонија кои престојуваат во странство, во зависност од бројот на децата и по одобрение на органот надлежен за работи од областа на образованието на соодветната држава, како и обезбеден простор за изведување на наставата.

Член 5

(1) За наставник може да биде ангажирано лице кое покрај општите ги исполнува и следните посебни услови:

- завршено високо образование за одделенски наставник, педагог или наставник по мајчин јазик;
- да го познава јазикот на државата за која конкурира;
- да имаат работен стаж од најмалку пет години во основно училиште и
- да е државјанин на Република Македонија.

(2) Проверката на познавање на јазикот на државата во која конкурира, на пријавениот кандидатот, ја врши Министерството.

Член 6

(1) Комисијата за избор на наставници, именувана од страна на министерот за образование и наука, од пријавените кандидати на конкурсот за избор на наставници утврдува листа на предлог кандидати.

(2) Рангирањето на кандидатите на листата на предлог кандидати се врши врз основа на следниве критериуми:

- успехот на кандидатите од студирањето;
- степен на владеење на јазикот на државата за која конкурира и
- работен стаж во основно училиште.

(3) Конечен избор на наставници, од листата на предлог кандидати утврдена од Комисијата за избор на наставници, врши министерот за образование и наука.

(4) На избраниот кандидат од став 3 на овој член му мирува работниот однос во Република Македонија согласно одредбите од Законот за работни односи.

Член 7

Министерството писмено да ги известува сите пријавени кандидати на конкурсот за извршениот избор на наставник во рок од 30 дена од денот на завршување на конкурсот.

Член 8

За изведување на наставата во странство, наставникот не може да биде ангажиран со договор на дело.

Член 9

(1) Министерството и наставникот склучуваат договор со кој ги утврдуваат своите права и обврски.

(2) Договорот може да се раскине и пред истекот на времето за кое е склучен ако се утврди дека наставникот нема доволен број ученици, не ја реализира програмата или со своето однесување нанесува штета на угледот на Република Македонија, односно во државата во која изведува настава.

(3) Договорот се раскинува и доколку наставникот не обезбеди дозвола за престој или работна дозвола во земјата во која треба да изведува наставата во рок од шест месеци од денот на склучувањето на договорот.

(4) Министерството во случаите од ставовите 2 и 3 на овој член распишува нов конкурс за избор на наставник.

Член 10

(1) Договорот се раскинува на лично барање на наставникот или на барање на Министерството.

(2) Министерството може да го раскине договорот склучен со наставникот пред истекот на договорениот рок и по иницијатива на:

- дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во соодветната држава;
- родителите на учениците или
- здружение на граѓани на Република Македонија во соодветната држава.

Член 11

(1) Министерството за сите ученици обезбедува учебници и соодветна педагошка документација.

(2) Министерството за изведување на наставата на наставникот му обезбедува наставен план и наставни програми кои на предлог на Бирото за развој на образованието ги утврдува министерот.

Член 12

(1) За секоја учебна година наставниците треба да достават програма за работа до Министерството, најдоцна до 20-ти октомври во тековната година.

(2) На крајот од учебната година наставниците треба да достават писмен извештај за реализираната програма за работа.

(3) Програмата и извештајот за работа треба да бидат потврдени од дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во соодветната држава.

Член 13

Платата и другите надоместоци на наставниците се утврдуваат со Правилник за начинот на утврдување на платите и надоместоците на наставници кои изведуваат настава за основно образование на мајчин јазик за децата на граѓаните на Република Македонија кои престојуваат во странство, донесен од страна на министерот.

Член 14

(1) Министерството води евиденција за наставниците.

(2) Документацијата и евиденцијата за наставниците се чува во Министерството.

Член 15

Со денот на донесувањето на овој правилник престанува да важи Правилникот за условите и постапката за избор на кандидати за наставници по дополнителна настава за основно образование за децата на граѓаните на Република Македонија кои престојуваат во странство бр.10-1198/1 од 10.06.2008 година.

Член 16

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото донесување.

Бр._____ **М И Н И С Т Е Р,**

_____2010 година **Никола Тодоров, с.р.**

Скопје